РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
20-1417
03.03. 2017 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Казнено право" втор циклус студии на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Св. Гаврило Романович Державин", Свети Николе**

1. Се акредитира студиска програма **„Казнено право" втор циклус студии на Факултет за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Св. Гаврило Романович Державин", Свети Николе** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од една година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање: **Магистер по казнено право,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Правни науки, научно - истражувачка област: Казнено право.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за правни науки во Св. Николе, втор циклус циклус студиска програма „Казнено право", на 30.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 1. седница одржана на 24.02.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков